# ЗАПИСНИК
**од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.02.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** д-р Андриана С.Чакар, м-р Емилија Јаневска, Луција Ѓурковиќ, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Дијана Атанасова од адвокатска канцеларија Бранко Радојчиќ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 10 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:10 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2019 година.
2. Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година.
3. Предлог-одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на државно ниво.
4. Предлог за овластување вработени во стручната служба за вршење стручен надзор на радиодифузерите.
5. Предлог за писмено укажување на ТВ Сонце поради прекршување на член 61 од ЗААВМУ (начела за вршење на дејноста) врз основа на Извештај бр.10-1045/1 од 20.02.2019 година.
6. Разно.

### Точка 1

Г-дин Петрушевски усвојувањето на Предлог-записникот од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2019 година, го одложи поради немање на временска можност да се изработи, бидејќи двете седници се одржаа за многу краток временски период. Предлог-

записникот се одложи за продолжението на 10-та седница кое ќе се одржи пред почетокот на 11-та седница.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година. Објасни дека во 2018 година Агенцијата имаше вкупни приходи од 139.969.819,00 денари. Најголемиот дел од приходите се од Буџетот односно приходи од финансирање на радиодифузната дејност и наплата на радиодифузна такса во износ од 73.514.887,00 денари, потоа приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 56.946.825,00 денари, приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 8.574.874,00 денари, приходи од транзитни фактури во износ од 667.087,00 денари, приходи од позитивни курсни разлики во износ од 711,00 денари и други приходи во кои влегуваат и тендерските документации во износ од 265.435,00 денари. Вкупно направените расходи во 2018-та година изнесуваат 77.877.129,00 денари. Објасни дека поединечно расходите ги имаат наведено во извештајот, во материјалот кој што им е доставен. Вкупно реализираните приходи во 2018-та година, во однос на вкупно остварените расходи во 2018-та година, се поголеми за 62.092.690,00 денари. И зад таа сума која што е над потрошените 62.092.690,00 денари Агенцијата треба дополнително да плати данок на добивка во висина од 4.143.989,00 денари. Во наредната 2019 година по завршната сметка ќе бидат пренесени 151.070.738,00 денари. Материјалот со сите потребни детали го има во доставените материјали и доколку има прашања ќе даде објаснување заедно со раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ.

Г-дин Петрушевски рече дека завршната сметка како и секоја година е позитивна и отвори дискусија.

Г-дин Фетаи рече според дадените бројки во извештајот, тоа е за пофалба. Агенцијата е рентабилна и во таа насока функционира што е добро за понатамошната реализација на законските обврски. Тоа значи како максима, финансиската позиција на регулаторот овозможува поголемо ниво на самостојност и автономија. Овој тренд би требало да продолжи и да се внимава бидејќи нема некои капитални инвестиции во иднина и тоа е добра и позитивна вест и за Советот и за регулаторот за да може понатаму да функционира според Законот и обврските што произлегуваат од него да ги реализираат на највисоко можно ниво.

Г-дин Фиданоски рече во контекст на тоа што го кажал г-дин Фетаи, рече дека бројките покажуваат дека од финансиски аспект се работело добро. Неговата констатација е дека средствата што ги кажал г-дин Трајчевски и ги има во материјалите што ќе се пренесат за во 2019 година, ако се направи една проста математичка споредба со трошоците што ги имаше оваа година, хипотетички има скоро залиха за две години што ослободува регулаторот да може да работи без стрес во идниот период и да ги остваруваат нивните обврски. Според него ова особено е значајно бидејќи во новиот Закон за јавни набавки затоа се брише тој критериум најниска цена, значи ќе има и други критериуми како квалитет на испорака или услуга и слично, што ќе овозможи за некои посуштински набавки да се проценува поинаква

понуда. Упати честитки за завршната сметка. Праша за ставка 411 000 кредити и камати за кредити, до кога ќе биде активна и ќе се гледа во завршните сметки?

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ, објасни дека во јануари 2018 година Советот донесе одлука предвремено да се отплати кредитот, така што во јануари се отплати кредитот и во Финансискиот план за 2019 година што Советот го усвои таа ставка веќе не постои. Во 2018 година е само затоа што таа година се`уште имаше износ за исплата.

Г-дин Фиданоски праша дали во следната завршна сметка за 2019 година нема да ја има?

Г-дин Радуновиќ одговори потврдно.

Г-дин Фетаи рече бидејќи со дискусијата почна да се навлегува во подетална анализа, последниот дел од извештајот има дека „Вкупните побарувања на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по основ на издадени фактури во минати години според годишната сметка за 2018-та година изнесуваат 23.803.419,00 денари", праша дали тие се затворени или не?

Г-дин Радуновиќ одговори дека тие се од 2012 ако се сеќаваат што почнаа да се затвораат. Од оваа година има само едно побарување тоа е ТВ Сител 3 на кој му е одземена дозволата и е даден на извршител заради наплата на долгот. Сите други се стари побарувања од претходните години односно од националните дозволи од 2011 и 2012 година.

Г-дин Трајчевски објасни дека најверојатно голем дел од нив нема да бидат наплатени. Денес доби допис за Џангл ТВ од извршител каде што кажуваат дека ја запираат постапката и не може да се наплатат побарувањата. Најверојатно тие ќе треба да се отпишат и да се плати данок, бидејќи Агенцијата не може да изврши наплата на тие средства.

Г-дин Фетаи рече колку што разбрал тие не се само средства за надоместок за дозволата туку и средства за финансирање на проектите од јавен интерес?

Г-дин Радуновиќ одговори дека ненаплатените средства се однесуваат само за дозволи.

Г-дин Фетаи рече дека проектите од јавен интерес се веќе расчистени и нема побарувања и ангажмани од тој аспект, на што му беше одговорено дека е така.

Г-дин Трајчев рече дека сака малку во детали да навлезе околу планираните трошоци, планирани се 115 милиони денари, реализирани се 77 милиони денари. Рече дека има многу голема разлика помеѓу тоа што е планирано и што е реализирано и праша дали тоа е резултат на планирани работи кои што не се извршени или пак намалени цени при постапките за јавни набавки генерално. Гледа дека отстапувања има и во платите и отстапување во договорните услуги, односно дали некои договорни услуги не се реализирани или цените што се добиени се помали. Според математиката големо е намалувањето во однос на планираното и потрошеното и не гледа од кои ставки точно произлегува, веројатно од сите по малку. Побара дообјаснување.

Г-дин Трајчевски одговори дека имаше јавни набавки каде што имаше драстично намалување на цената. Едната е за транспортот на сигналот од 8-те точки што ги има Агенцијата. Претходните години таа услуга ја вршеше Македонски Телеком

и сумата без ДДВ беше 3 милиони и 600 илјади денари годишно. Оваа година со негативно наддавање, сумата падна под 1 милион денари, околу 900 илјади денари. Фирмата што ја доби јавната набавка не беше во можност да ја заврши, па дојде на ред втората фирма ВИП ОНЕ, меѓутоа цената беше многу блиска со првата. Кај јавните набавки има големи отстапувања со негативната аукција. Кај делот за платите има позиции од кога постои Агенцијата не се пополнети, како што е платата и придонесите за заменик на директорот, а изминатите години бројот на вработени се намали, а не беа примени нови лица. Во делот на договорните услуги во текот на референдумот беа ангажирани многу помалку надворешни соработници, отколку што би се ангажирале за време на избори. Тој договор ќе остане нереализиран, а новиот договор е потпишан и ќе почне да функционира од 3 или 4 април оваа година. Тоа се суми што се предвидуваат во договорите за јавните набавки, но не се знае дали ќе има избори, дали ќе има вонредни или редовни, но сепак Агенцијата мора да биде подготвена за да има средства за да се ангажираат луѓе во случај да има потреба од избори.

Г-дин Радуновиќ одговори дека има отстапувања, имаше договор за набавка на тендери, тие беа 4 милиони денари, но еднаш набавката беше поништена, во декември е потпишан договорот и тие пари ќе се платат оваа година, се работи за 4 милиони денари. Исто така имаше возило што беше за потреби од 3 милиони и 400 илјади денари, таа е во ставката 441 100 кое исто така не е реализирано. Тоа се крупни отстапувања. Договорот за договорни услуги се прави со исти износи, во 2017 година беше 11 милиони денари, исто и во 2018 година и затоа има толкаво отстапување. Во сите договори за јавни набавки ставена е ставка со која Агенцијата не е обврзана да ги потроши сите финансиски средства.

Советот на Агенцијата го прифати Извештајот за годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година и едногласно донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за доделување дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на државно ниво. Објасни дека не станува збор за нов радиодифузер, формално правно да, но станува збор за радиодифузер кој подолго време емитува програма преку сателит. Овој радиодифузер минатата година во декември поднесе документи за истото барање, но поради непотполна документација Советот одлучи да му се одбие барањето. Потоа повторно поднесе барање, кое е комплетно и затоа се предлага до Советот да му се додели наведената дозвола. Посочи дека услов е радиодифузерот да ја исплати претходната фактура што му е издадена на 8 јануари 2019 со што на наредната седница Советот ќе ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Сонце. Со тоа што ќе го подмири финансискиот долг, на тој начин ќе престане да важи претходната дозвола за емитување преку сателит и ќе продолжи да емитува преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа.

Г-дин Петрушевски рече дека ова досега неколку пати го правеле, најверојатно радиодифузерите наоѓаат интерес во ова, веројатно затоа што 90% се емитуваат преку кабел ретко некој ги гледа преку сателит. Тој дел на гледачи ќе го изгубат кој е мал, но ќе го намалат трошокот од неколку десетина илјади евра годишно што го плаќаат за тој што ги емитува на Сателит. Веројатно ова го прават од финансиски причини и Советот секогаш им излегувал во пресрет да можат да се префрлат од сателит на кабел. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Фетаи рече дека од дискусијата разбрал дека медиумот ќе ја подмири досегашната финансиска обврска која ја имал за минатата дозвола и ќе почне од почеток да плаќа за новата дозвола. Праша дали ќе има период каде што ќе биде без дозвола?

Г-дин Радуновиќ рече дека прво ќе го подмират долгот за временскиот период до кога ја имале дозволата за преку сателит, тоа е од 5 јануари 2019 година до 24 февруари 2019 затоа што денес условно треба да му се додели нова дозвола. Ако се погледне Одлуката за доделување на новата дозвола ќе се забележи дека таа е условна. Доколку не платат тогаш ќе мора да се заврши започнатата постапка со што ќе му се одземе дозволата.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка за предлогот да се додели ваков тип на дозвола на радиодифузерот. Многу пати кажал дека Советот има обврска да им овозможи на радиодифузерите поповолен амбиент за работа и ова го става во тој дел. Што се однесува до дозволата за работа тој нема дилеми како г-дин Фетаи дали ќе останат без дозвола. Теоретски ако Советот ја изгласа оваа одлука, до среда ќе имаат две дозволи, но едната им е во постапка за одземање заради неплаќање на фактурата, кога фактурата ќе се плати на таа седница ќе констатираат дека веќе ја немаат таа дозвола и ќе останат само со оваа.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука за доделување дозвола на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, за телевизиско емитување на програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на државно ниво, со текст како што беше предложена.

Агенцијата во рок од 5 дена од денот на издавањето на предметната дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, да го извести операторот преку кој ќе се емитува програмскиот сервис, да склучи договор со радиодифузерот почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во името на Советот им посака во иднина полесно да работат од финансиски аспект. Исто така посочи да се провери дали во рок од 5 дена ќе склучат договор со некој кабелски оператор, бидејќи тоа мора да го направат затоа што тоа е услов за да може да работи.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за овластување вработени во стручната служба за вршење стручен надзор на радиодифузерите, објасни дека станува збор за 5 вработени лица од Агенцијата кои ги пишува во материјалите и им се познати на Советот. Ова претставува техничко усогласување со Законот.

Г-дин Трајчевски објасни дека станува збор за потреба за измена на овластувањата, бидејќи по стариот Закон ги даваше директорот, а сега ги дава Советот.

Помошник на раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Луција Ѓурковиќ објасни дека согласно член 30 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека стручниот надзор над радиодифузерите се врши од страна на лица вработени во стручната служба на Агенцијата, по претходно овластување од Советот на Агенцијата, а заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволата за телевизиско или радио емитување. Имајќи го предвид наведеното, се предлага на Советот да ги овласти за вршење стручен надзор на радиодифузерите наведените лица вработени во стручната служба на Агенцијата.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што се прават овие овластувања затоа што полесно ќе може да се легитимираат. Најверојатно ќе бидат изработени и легитимации за да можат да се идентификуваат кога ќе одат кај медиумите и се надева дека нема да бидат многу остри во работењето.

Г-дин Петрушевски рече ако се како Советот на Агенцијата нема да попуштаат воопшто а и такви биле и досега.

Советот, за вршење стручен надзор на радиодифузерите заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволата за телевизиско или радио емитување едногласно ги овласти следните лица вработени во Стручната служба на Агенцијата:

- Арбен Саити, раководител на Секторот за информатичка поддршка и општи работи;
- Арѓенд Џелили, раководител на Одделението за информатичка поддршка и технологии;
- Магдалена Давидовска Довлева, раководителка на Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Луција Ѓурковиќ, помошник раководителка во Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Катерина Доневска, виша соработничка во Одделението за стратешко планирање

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за писмено укажување на ТВ Сонце поради прекршување на член 61 од ЗААВМУ (начела за вршење на дејноста) врз основа на Извештај бр.10-1045/1 од 20.02.2019 година, рече дека се работи за

негативно однесување. Се работи за еден новинар кој навистина некултурно се однесуваше кон гледачите и ги навредуваше во живо.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска рече дека прво ќе појасни зошто се предлага писмено укажување, а не предлог за изрекување мерка јавна опомена. Според Законот почитувањето на професионалните стандарди нотирани во член 61 од ЗААВМУ се предмет на саморегулација и во Законот не се предвидени мерки за нивно почитување кој што би можел да ги изрече регулаторот. Во Методологијата за вршење надзор во однос на тоа како ќе се прави надзорот во овој член е предвидено дека во одредени ситуации освен со објавување на извештајот на веб страницата на Агенцијата и писменото укажување за констатираното непочитување, дека извештајот може да се препрати и до други надлежни институции доколку има потреба, како Комисијата за заштита од дискриминација, Дирекцијата за заштита на лични податоци. Во овој конкретен случај рече дека не предлагаат нешто такво слично туку само писмено укажување за непочитување на член 61 конкретно за начелото за заштита на достоинството на личноста. Прекршокот е сторен во емисијата „Јади бурек“ емитувана на 13 февруари 2019 година. Таа емисија вообичаено се реализира преку коментари за актуелните настани од водителот и од граѓаните кои што се вклучуваат телефонски во емисијата. Прекршокот е сторен преку навредливи зборови, користење повисок тон, карикирање, оневозможување на соговорничката и соговорникот да одговорат, со понижување и потсмевање за нивните обиди да одговорат, односно за непримерна комуникација што е спротивно на начелото за заштита на достоинството на личноста.

Г-дин Петрушевски ја праша раководителката Јаневска дали Агенцијата го има известено телото што се бави со саморегулација или ќе се извести сега?

Г-ѓа Јаневска одговори дека во предлогот во извештајот не предлагаат известување, само известување до радиодифузерот и објавување на извештајот на веб страницата на Агенцијата, бидејќи сметаат дека сега за оваа ситуација тоа ќе биде доволно.

Г-дин Петрушевски рече дека не е сигурен дали не треба да се извести Советот за етика.

Г-дин Фиданоски рече дека исто мисли како г-дин Петрушевски и сугерира овој извештај да се испрати до Советот за етика. Смета дека ќе биде поцелисходно и ќе има поголем ефект. Не санкционираат затоа што за етика нема санкции и тоа е нормално, меѓутоа може да се извести саморегулаторното тело тие понатаму да постапат затоа што од извештајот кој внимателно го прочитал стои се она што Службата го навела. Заштита на достоинството на личноста немало имало се обратно од страна на водителот што според него преставува непримерно однесување на еден водител на емисија за радиодифузер кој емитува програма на државно ниво. Но не станува збор дали е на државно или локално ниво, но посебно дека е на државно е посензитивно и затоа смета дека треба да се испрати и верува дека покрај судот од јавноста условно речено и судот од фелата ќе има дополнително влијание врз водителот на емисијата да во иднина внимава како ќе се обраќа кон гледачите и во кој контекст ги става нивните прашања и размислувања затоа што конечно смислата на постоење на медиумите е да бидат општествено одговорни и да го штитат јавниот интерес односно интересот на граѓаните. Смета дека во овој случај не било така.

Г-дин Петрушевски рече дека покрај предлогот даден во извештајот треба да предложат и официјално да се упати допис и до Советот за етика за медиуми.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што овој случај е лоциран како момент во кој се нарушува достоинството на човекот односно на гледачот. Иако ова е предмет на саморегулација смета дека треба на некој начин да се подигне гласот во смисла на тоа што го кажал г-дин Фиданоски. Улогата на медиумите не е само информирањето, туку и аспект на едукативно, социјално однесување. Тоа е една злоупотреба на позицијата на еден неодговорен новинар. Не сака Советот да биде цензура во ниеден момент, но кога навистина се нарушени овие основни постулати и стандарди во насока на културно однесување и почитување на дигнитетот на гледачите и слушателите, добро е максимално да бидат во функција на елиминирање на таквите девијации. Смета дека неодложно треба да се информира Советот за етика на медиумите, и тие меѓу себе ќе го констатираат тоа и со нивните механизми кои ги имаат ќе реагираат. Го поддржува предлогот на г-дин Петрушевски.

Советот на Агенцијата, врз основа на констатациите од Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1045/1 од 20.02.2019 година и во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп едногласно му упати писмено укажување за прекршување на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, имајќи предвид дека за прекршување на овој член нема законски предвидена мерка.

Се задолжи Секторот за програмски работи да го изготви писменото укажување.

Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1045/1 од 20.02.2019 година на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп да се препрати до Советот за етика во медиумите.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното писмено укажување да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

**Бр. 02-1073/6**
**06.03.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**